# ПРОФИЛИРАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА НА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА — СТОМАТОЛОШКА НАСОКА — ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОМАТОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО СР МАКЕДОНИЈА

Почитувана Редакцијо,

Го користам нашето стручно списание за да упатам апел за дискусија по прашањето и проблемот за профилирање и едукција на медицинска сестра — стоматолошка насока до целокупната стоматолошка јавност на подрачјето од нашата Република.

Секојдневно се соочуваме во нашата практика со проблемот на дефицитарност од наш соработник, што наложува итно решавање на проблемот. Досегашните обиди и решенија, произлезени од потребата од таков кадар и сведени на вработување на разни профили и нивно емпириско обучување, пренотирања во забни асистенти, инструментарки, стоматолошки помошници и сл. се само од привремен карактер.

Перманентното надоаѓање на оформени стручњаци, стоматолози и специјалисти од сите стоматолошки гранки императивно го наложува разрешувањето на прашањето на едукција на издиференциран помошен кадар — стоматолошка сестра, која ќе се изведува во состав на средните медицински училишта.

Во нашата република денес, бројот на стоматолозите ја пречекорил бројката 550, на којашто треба да се додадат уште околу 170 виши забари и забари. Сите тие работат на теренот во околу 300 организациони единици. Нивниот број рапидно расте и ќе расте, што и е наша општествена желба. Но, доколку бројот на новообразувани стручњаци не биде следен со оформување на соодветен помошен кадар, проблемот континуирано ќе се заострува и ќе се наметнува се посилно.

Должен сум да Ве потсетам дека во многу гранки на хуманата медицина веќе одамна се школуваат издиференцирани помошни кадри, што во целост го подржувам. Лекарот го има својот лекарски помошник, педијатерот — педијатриската сес-

тра, рентгенологот — рентген техничарот, гинекологот и акушерот — акушерката. Зошто стоматологот да нема свој соодветен помошник?

И резултатите на неофицијалната анкета што ја спроведов во повеќе стоматолошки служби во Републикава укажуваат на потребата од разгледувањето на тоа прашање. Во дискусиите се наметнаа и прашањата на судбината на сега вработениот средно медицински и друг помошен кадар, како и идното вработување на ново едуцираните стоматолошки сестри. Прашањата се актуелни, но не и нерешиви, бидејќи првата генерација од 20 — 25 стоматолошки сестри кои најрано би го оформиле образованието во 1985 година ќе ги задоволи примарно потребите на специјалистичките кадри и новоотворените стоматолошки амбуланти, додека дел од постоечките вработени и обучени помошни кадри постојано ослободува работни места одејќи на заслужен одмор, во пензија.

Убеден сум дека овој заеднички проблем во нашата дејност не окупира сите нас, па затоа предлагам организирано дејствување за практична реализација на прашањето за едукција на помошен стоматолошки кадар.

Благодарам за отстапениот простор во нашето Списание и останувам со убедување дека иницијативата ќе биде продолжена и нејзината реализација ќе придонесе кон организациона стабилност, афирмација и стручен напредок во стоматолошката дејност.

Прилеп, 10 октомври 1980 Д-р Томислав Шапчески